*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за подршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18"), во врска со член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/2020), а врз основа на Согласност архивски број 24-5264/2 од 28.07.2021 година дадена од Министерство за транспорт и врски на РСМ-Сектор за уредување на просторот, Советот на Општина Карпош, на шеесеттата седница, одржана на 30 август 2021 година донесе

# ОДЛУКА
## за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок З 06.09, Општина Карпош, Скопје.

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок З 06.09, Општина Карпош, Скопје, Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

**Од Север:** по оска на собирна улица Бул. “Партизански одреди“;
**Од Запад:** по оска на сервисна улица “ С5”- ( ул. “Париска”) ;
**Од Југ:** по оска на сервисна улица “ С3”- ( ул. “Варшавска”) ;
**Од Исток:** по оска на градска магистрала Бул. “8-ми Септември“;

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 5,988ha, односно 59883,2021m$^2$. Површината на Блок 306.09 во рамки на

регулациската линија како што е дефинирана со Регулациски план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 06, изнесува 4,46 ha.

**Член 3**

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

А2-Домување во станбени згради
В1-Образование и наука
В2- Здравство и социјална заштита
Д1 –Парковско зеленило
Е1-Комунална инфраструктура
Е2-Комунална супраструктура

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за поддршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-5967/7
Датум: 30.08.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Наташа Пеливанова

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -901, тел бр.2: 023055 -902*
***www.karpos.gov.mk***